# СТАТИИ - ПРИЛОЗИ

Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

## ЕВРОПА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ СО ОСВРТ НА ИНТЕРЕСОТ НА ШВЕДСКА КОН МАКЕДОНИЈА

VERBA VOLANT,
SCRIPTA MANENT

Интересот на Европа кон Македонија, и кон македонското националноослободително движење особено се актуелизира во XIX век. Во тој склоп се одвивал и интересот на скандинавските земји, односно на Шведска. Меѓутоа, корените на тој интерес ги наоѓаме уште длабоко во средниот век. Посебно карактеристичен беше османскиот период кога уште повеќе се прошири тој интерес.

### I

Во османскиот период Европа, односно Скандинавија и Шведска сè повеќе се заинтересирани за Османската империја, за земјите и народите потчинети од Османлиите. Оваа заинтересираност е позната како источно прашање.

Особено позасилен станува интересот во времето на борбата против османската (турската) опасност од крајот на XVI, потоа во XVII и во XVIII век.

Посебно е карактеристичен XVIII век. Од овој период наоѓаме ценети материјали и за конкретниот шведски интерес.

Според француски податоци од извештаите на француските конзули во Солун можат да се извлечат некои важни податоци. Во многу извештаи од 1713—1714 година се пројавува интерес за Карло XII и за текот на шведско-турските односи. Интересен е податокот којшто треба да се нагласи дека во 1744 година во Солун бил отворен шведски конзулат. Неговата јурисдикција ја опфаќала цела Македонија. Меѓутоа на оваа должност највеќе

имало хонорарни конзули или вицеконзули и тоа од страна на постојните англиски и француски конзуларни службеници.

Во XVIII век се одвивале и трговските врски помеѓу Шведска и османската империја, во чијшто склоп влегувала Македонија. Според постојните статистички податоци во времето од 1738 до 1748 година во солунското пристаниште влегле 22 бродови од Шведска. Во натамошните години се зголемува бројката на пристигнатите бродови во ова пристаниште. Овие бродови главно внесувале шведско железо, а изнесувале суровини од индустриските култури.

Интересно е да се истакне дека од тоа време е актуелна шведската патописна литература којашто треба да се проучи до колкава мера се присутни материјали и други податоци за знаменитостите на Македонија.

Нов момент во овие односи претставува Француската револуција и времето на Наполеоновите војни. Во ова време се зголемува интересот кон Балканот и се создаваат перспективи за проширување на овој интерес.

## II

Нови димензии односите добиваат во време на Кримската војна од 1853/1854—1856 година. Тогаш европските држави го прошируваат своето влијание во работите на Османската империја, а во тој склоп и кон Македонија. Во ова време европските држави започнале посилно да продираат со своите капитали, а тоа се претплатувало и се зголемувало со политичко влијание. Тоа предизвикало длабоки општествено-економски и општествено-политички прмени што имало одраз врз растежот на националноослободителните движења. Тоа се рефлектирало и кон македонското прашање. Македонија станува интересна точка во политиката на европските држави.

По Кримската војна голем број европски држави, покрај постојните претставништва во Солун, започнаа да отвораат конзулати, вицеконзулати и други агенции во разни делови на Македонија. Шведска и натаму останувала со пратеништвото во Цариград и со вицеконзулатот во Солун. Сите овие претставништва започнале да ја проучуваат ситуацијата во Македонија, нејзината политичка состојба и нејзините економски и други капацитети. Тоа создало можности да се искристализираат становиштата и основните појдовни точки на македонското прашање.

Во 60-тите и во 70-тите години настанува нов период во зголемувањето интересот кон Македонија и кон македонското прашање. Тоа прашање постепено се актуелизира во меѓународната политика. Од друга страна значајна е и тогашната внатрешнополитичка, економска и просветно-културна состојба во Македо-

нија. Сè повеќе се издигнува македонското граѓанство во стопански, политички и просветно-културен поглед. Тоа станува фактор во земјата и изразува повеќе различни појави. Првенствено тоа се изразува во развојот на македонската преродба што придонесува многу за националното осознавање на македонскиот народ за развивање на неговиот јазик, на неговата литература и култура. Сето тоа има значење во создавањето основите на македонското националноослободително движење.

Виден израз ова движење добива во време на таканаречената источна криза, која во дипломатијата го опфаќа периодот: 1875—1878 година. Оваа криза доби голем радиус со револуционерните движења на Балканот во 1875 и 1876 година. Во 1876 година во Македонија се подига востание наречено „Разловечко востание" што имало знатни последици во еден дел на Македонија.

Во оваа источна криза европските држави уште повеќе ги преплетувале своите политички и економски интереси на овој терен. Особено била активна руската царистичка политика, во времето кога Русија презема војна против Турција, со таканаречената Руско-турска војна (1877—1878 година). Како резултат на оваа војна бил заклучен Санстефанскиот мировен договор на 3 март 1878 година. Со овој договор се изврши прекројување на картата на Балканот што доведе до нова меѓународна криза. Европските држави се спротивставија на овој договор и ја принудија руската дипломатија на отстапки. Тоа доведе до Берлинскиот конгрес (јуни, јули 1878 година) и на него беше прифатен Берлинскиот договор. Со овој договор Македонија повторно беше вратена на Османската империја, а со членот 23 од овој договор во Македонија требаше да се воведе административна автономија.

Берлинскиот конгрес не ја реши источната криза ниту источното прашање. Во Македонија беше воведено уште посилно ропство на што беше подложен македонскиот народ. Не можејќи да го поднесе политичкото и економското угнетување македонскиот народ се подигна на востание. Тоа особено се изрази во македонското Кресненско востание од октомври 1878 година. Во ова востание дојдоа до израз вековните стремежи на македонскиот народ за национално ослободување и за создавање на своја македонска национална држава. Овие барања најизразити беа во Уставот на ова востание, каде што се нагласени целите и задачите за остварување на самостоен слободен живот, за создавање на сопствена национална држава. Поради тоа, овој период претставува значајна етапа во историјата на македонското движење за слобода иако поради задушувањето на востанието основните цели и стремежи за создавање на македонска држава не беа реализирани.

## III

При крајот на XIX век одново се актуелизира македонското националноослободително движење и македонското прашање. Во Македонија се создаваат претпоставки за нов организиран народен отпор. Тоа конкретно се реализира во октомври 1893 година кога се создава Македонската револуционерна организација. Оваа организација со своите програмски цели и насоченост се ориентира кон остварување на македонските националноослободителни стремежи и за создавање на сопствена македонска држава. Оваа организација прераснува в омасовен организам, ги опфаќа во своите редови сите македонски општествени сили и ги усмерува кон борбата за национално и социјално ослободување. Со тоа македонското движење се издигнува на високо ниво и стекнува соодветна афирмација и заинтересираност кај меѓународната дипломатија и сред меѓународната јавност. Меѓународната дипломатија презема иницијативи уште од 1897 година натаму да се реши македонското прашање. Со сè поголемото омасовување на македонското револуционерно движење се зголемува интересот на големите сили кон македонските работи. Кон нив особено биле заинтересирани Русија и Австро-Унгарија. Но поради своите интереси во овој момент овие сили настојувале да се сочува статусквото со предвидување на можности за некаква интервенција, но не коренита и да не задира во нивните интереси и позиции. Со засилувањето на револуционерните акции во Македонија, особено во 1902 година, некои сили започнале отворено да говорат за интервенција. За да ја попречи таа интервенција османската влада при крајот на декември 1902 година донела свои реформи за средување на приликите во Македонија. Всушност, овие реформи содржеле само беззначајни клаузули и тие не ги задоволиле европските сили. Затоа тие (Русија и Австро-Унгарија) во февруари 1903 година донеле нови реформи. Со овие реформи се предвидувала реорганизација на турската полиција што им се поверувала на двајца европски инструктори. Овие инструктори се ангажирале од Шведска и тоа со еден шведски и еден норвешки офицер. Така што со овие реформи, всушност, доаѓа до заинтересираност на Шведска за македонските работи. За да го проучиме ова прашање ги истражувавме материјалите што се наоѓаат во архивата на Министерството за надворешни работи и на Министерството за војната во Стокхолм.

Архивата при Министерството за надворешни работи ја содржи и официјалната кореспонденција на шведските дипломати во Цариград и на шведскиот вицеконзулат во Солун од 1901 до 1909 година. Материјалите се средени во неколку групи. Во групата што се однесува за 1901 до 1903 година се наоѓа кореспонденцијата за приликите во Македонија, за политиката и за односот на европските држави кон македонското прашање. Карактеристично е да се одбележи дека шведската дипломатија во тоа

време се обидувала што повеќе да навлезе во проучување на македонското прашање и на приликите во Македонија. Нивните набљудувања се од објективен карактер и се значајни за историјата на Македонија. Во групата документи од 1903 и 1904 година централната тематика се однесува за приликите во Македонија непосредно пред македонската револуција од 1903 година. Ангажманот на шведската дипломатија е покарактеристичен. Се настојува да се приберат што повеќе податоци за да се изјасни ставот кон Македонија. По ова прашање особено се интересни извештаите на шведските дипломати од Цариград, Петроград, Берлин, Лондон, Париз, Рим и други. Од посебен интерес се извештаите од вицеконзулатот во Солун, кој од 1891 година хонорарно го водат англиските конзули во овој град. Овие извештаи се веродостојни и во нив се вклучени прилози и писма од Солун, Битола и Скопје. Се следи внимателно ситуацијата во Македонија. Всушност, се работи за еден неутрален и беспристрастен набљудувач. Затоа овие материјали имаат посебна вредност. Во нив најголемо внимание се обрнува на македонското национално-ослободително движење и на подготовките во Македонија за востание.

## IV

Во 1903 година во Македонија ситуацијата се револуционизирала до највисок степен. Излезот се барал во револуционерно решавање на таа кризна состојба. Се настојувало преку револуција да се дојде до слободата, да се формира сопствена македонска национална држава. Тоа беше голем настан во историјата на македонскиот народ.

Откако сите подготовки беа завршени на политички и на воен план востанието се подигна на 2 август 1903 година. Тој ден се паѓа на македонскиот народен празник Свети Илија, оттука и востанието беше наречено Илинденско востание, подигнато на ден Илинден. Ова востание го опфати поголемиот дел на Македонија, но неговиот центар се наоѓаше во Западна Македонија. Македонија се наоѓаше во востанички пламен цели три месеци (август, септември, октомври 1903 година). Во востанието движечка сила беа народните маси и затоа тоа имаше народен македонски карактер. Тоа беше типично народно востание, дело на македонскиот народ.

Највисоки размери востанието имаше со ослободување на неколку места и тоа: Крушево, Клисура и Невеска. Во Крушево беше формирана револуционерна власт — Крушевска Република. Слична револуционерна републиканска власт беше создадена и во другите краишта. Со формирањето на револуционерната власт дојдоа до израз државотворните традиции на Македонија и стремежите да се изгради македонска држава. Програмските прин-

ципи на оваа македонска револуција дојдоа до најголем израз во таканаречениот Крушевски манифест кој претставува своевиден документ на македонската борба за слобода.

Македонското илинденско востание доби широки размери. Османлиската власт ангажира ограмна сила за уништување на македонската револуција. Но и покрај тоа оваа револуција го актуелизира македонското прашање во меѓународни размери. Повторно беше предизвикана европската дипломатија. Тоа доведе до ново мешање на големите сили. Но тие и натаму се застапувале за статус-квото. Се појавила идејата во Македонија да се воведат финансиски и административни реформи, а не да се даде слобода на вековно поробениот народ. Така во почетокот на октомври 1903 година претставниците на Русија и Австро-Унгарија во австриското место Мирцштег ги донеле таканаречените Мирцштегски реформи. Со овие реформи во Македонија се поставувале цивилни претставници на Русија и на Австро-Унгарија за реформирање на администрацијата. Освен тоа, се поставувал еден странски генерал со офицери од европските држави за реорганизација на турската полиција.

За сите овие актуелни македонски настани била заинтересирана и шведската дипломатија. Таа со интерес го следела текот на востанието во Македонија и акциите на другите држави за решавање на македонското прашање. Посебно внимание се обрнало врз реформите за Македонија и улогата на Шведска во оваа политика. Во шведската дипломатска кореспонденција наоѓаме на конкретен однос кон македонското востание. Така, во еден извештај од шведското пратеништво во Цариград од 5 август 1903 година се говори за „Револуција" во Македонија. Во другите извештаи се изнесуваат подробности за ослободените центри во Македонија од страна на македонските револуционери. Најголем акцент добиваат предлозите за уредување и за реформирање на Македонија. Се инсистира на предлозите да се назначи христијански генерален гувернер и колективно да се заштити Македонија.

## V

Европската дипломатија не ја реши македонската проблематика. Македонскиот народ и натаму остана под османлинско ропство. Но, неговата борба за слобода доби широки димензии. Таа борба особено се афирмира сред меѓународната јавност. Јавноста во светот со изразити симпатии и солидарност се однесуваше кон ослободителната борба на Македонците. Во популаризацијата на оваа борба се вклучи сиот светски печат. Освен тоа, во повеќе земји на Америка и Европа се формираа македонски комитети преку кои се организираа промакедонски манифестации. Беа организирани и митинзи. Само во Велика Британија беа организирани 400 митинзи за Македонија. На митин-

зите се донесуваа резолуции во кои се бараше да се даде слобода на Македонците, да им се даде автономија и независност.

Македонската борба за слобода се афирмира и имаше топол одѕив и меѓу народите на Скандинавија. Овој симпатичен однос го наоѓаме во целокупниот скандинавски печат, а посебно во шведскиот и данскиот. Со македонската проблематика се зафатиле да се занимаваат истакнати личности во новинарството, науката и културата. Така, во Данска големо внимание кон Македонија во време на Илинденското востание обрнувал Георг Брандес, истакнат литературен историчар и филозоф. Тој, во 1903 година во Копенхагенска „Политика" објавил ред статии посветени на Македонија и за борбата на македонските востаници. Тој се залагал за правата на обесправените Македонци. На слично ниво пишувал и познатиот новинар Франц Фон Јесен, кој бил во Македонија и пишувал бројни статии за македонските прилики во време на востанието, а објавил и неколку книги — патописи за Македонците. Некои од неговите книги се објавени и во Стокхолм. Тој го објавил и романот „Катја" со мотиви од Македонија. Романот бил објавен и во Стокхолм.

Шведските весници: „Dagen", „Dagens Nyhetter", „Stockholms tidning", „Stockholm dagbladet", „Lund dagblad" и други со големо внимание и скоро секојдневно го следеле македонското движење во текот на Илинденското востание. Тие ги известувале своите читатели за сите настани поврзани со македонското востание.

Првите вести за востанието се објавуваат во весниците на 6 и 8 август 1903 година, на четири дена по револуционерните настани. Така весниците: „Dagens Nyhetter" и „Stockolms dagbladet" од 8 до 15 август отвараат рубрика под наслов: „Македонски бунт" и изнесуваат подробности за востанието. Весникот „Lund dagblad" отвара рубрика од 8 август под наслов: „Востанието во Македонија", наведувајќи ги револуционерните настани во Крушево. Во текот на целиот месец август се зголемува објавувањето на соопштенија и вести за македонските настани и тоа скоро во сите весници. Се пишува за востание во Македонија, за револт, за македонското движење и слично. Се говори дека цела Македонија е во пламен, дека тоа било војна на еден народ што бил решен да го извојува своето право. Во печатот се обрнува внимание на востанието во Крушево. Се наведува дека градот паднал во рацете на востаниците. Така, весникот „Stockholms tidning" на 28 август објавува најдетален извештај за Крушево. Значајно е да се истакне дека весниците пишувале оти востаниците формирале — привремена влада. Но, најзачестено се пишува за трагичното задушување на востанието.

Во шведскиот печат се пишува и за карактерот на македонското востание, за неговите причини и цели. Се наведува за добро организирано востание, за подготвеноста на востаничките

4*

сили и за нивната посветеност кон револуцијата. Се говори и за пасивноста на Европа која не се грижела да ја ослободи Македонија. Во печатот се засегнува и историјата на Македонија. Така, весникот „Dagens Nyhetter“ на 21 септември 1903 година пишува во две колони под наслов: „Страдалната историја на Македонија“. Се изложува синтеза на македонската историја и се пишува за Македонија, што се наоѓала во центарот на разни влијанија и судири и од Исток и од Запад. Во такви околности се одвивала македонската историја полна со востанија и со немири. Весникот пишува: „Во посебната околност врзана со македонското антиотоманско востание, може да се забележи дека токму тука се покажал националниот карактер.“ Со овој чин пишува весникот: „Македонскиот словенски елемент покажа дека националната свест можела и во него да се разбуди“.

Шведскиот печат пишувал и за политиката на европските држави кон македонското востание. Преку печатот се изразува мислењето на јавноста за потребата од посилно ангажирање на европските сили за решавање на македонското прашање.

Сето тоа говори каков бил ангажманот на јавното мислење на Шведска кон борбата на Македонците за слобода. Таа борба се следела со внимание, со симпатии и со солидарност. Во тој историски миг погледите на шведскиот народ, на современиците на Стриндберг биле свртени кон Македонија и кон Македонците.

## VI

Нов значаен момент во интересот на Шведска кон Македонија е поврзан со продолжување дејноста на шведскиот офицер А. В. Унандер и на норвешкиот капетан Крал Кандруп. Тие во 1903 година биле назначени за инструктори на турската полиција. По одобрување на шведската влада тие продолжиле да работат повторно за реорганизацијата на полицијата и во периодот на Илинденското востание. За сета оваа дејност тие ја известувале шведската влада. Особено бил ангажиран капетанот Кандруп кој од 1903 до 1906 година испратил седум извештаи и составил „Мемоари“ за својата работа во Македонија. Неговите извештаи се многу значајни за сета оваа шведско-норвешка мисија во Македонија. Тие претставуваат драгоцен прилог и за историјата на Македонија. Такви материјали напишал и Унандер, кој напишал и еден роман. Всушност, оваа мисија го заокруглува, во извесна смисла, односот на Шведска кон Македонија, кон македонските работи и кон македонското прашање. Меѓутоа, тука не завршува шведскиот интерес. И натаму се изразувал интерес кон настаните во Македонија по Илинденското востание, потоа, во време на Младотурската револуција од 1908—1909 година и најпосле за Балканските војни од 1912 до 1913 година, во време на Првата

светска војна (1914—1918), периодот меѓу двете светски војни (1919—1941), Втората светска војна (1941—1945) и по конечното ослободување на Македонија и формирањето на македонската држава во рамките на социјалистичка Југославија.

### ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

А. Извори. 1. Kungl. Utrikesdepartementet. Stockholm, 1901—1909; Riskarkivet. Stockholm, 1903—1904; Kriegarkivet. Stockholm, 1903—1906. (Фондови: Orientalska Fragan; Makedonska Fragan; Svenska och Norska officerares anstallning i Macedonien). 2. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава I—II. Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј" 1981; 3. N. G. Svoronos, Salonique et Cavalla (1686—1792). Paris 1951; N. G. Svoronos, Le Commerce de Salonique au XVIII siecle. Paris 1956; 4. Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953.

Б. Литература. 1. Х. Андонов-Полјански, Одбрани дела. I—V. Скопје, „Мисла" 1980—1981; Х. Андонов-Полјански, Шведски документи за македонската историја. — Одбрани дела. Т. 1, 236—240; 2. Историја на македонскиот народ. I—III. Скопје, Институт за национална историја 1969; 3. Сава Јанковиќ, Одгласи на Илинденското востание во скандинавскиот печат. — Гласник XXIII/2 (1979), 13—50; 4. Г. Острогорски, Историја Византија. Београд СКЗ 1959; 5. Бл. Стоичковски, Шведско-норвешки документ за Македонија од 1904 година, — Историја XVI/2 (1980), 199—212; Бл. Стоичковски, Карл Ингвар Нандруп за Македонија. — Македонија — Јули 1981, 26—27; Бл. Стоичковски, Поилинденските настани во Македонија во 1904 според два норвешки извештаи. — Историја XIX/1 (1983), 181—202; 6. Сава Јанковиќ, Пишувањето на Франц Јесен за Македонија — Прилози за Илинден. III. Скопје 1983, 583—586; 7. Тодоровски, Брандес за Македонија (Дански одгласи за македонската борба од времето на Илинден 1903 година — Прилози за Илинден. III. Скопје 1983, 509—511.

Hristo ANDONOV-POLJANSKI

## EUROPE AND THE MACEDONIAN PEOPLE'S LIBERATION MOVEMENT WITH A SPECIAL STRESS TO THE INTEREST OF SWEDEN TOWARDS MACEDONIA

### Summary

The author of this article pays attention to the question concerning the relation of Europe towards the Macedonian people's liberation movement with a special stress to the Swedish interest towards Macedonia. Finding out the traces of this interest

since the Middle Ages within he scope of the Scandinavian countries, bigger stress has been given to the interest characteristic for the Turkish period, and especially the XIX and the first decades of the XX century has been actualized.

The most characteristic events about the interest of Europe, Scandinavia and Sweden in the Turkish period from the end of the XIV century up to 1912 have been pointed out. It has been ascertained that especially in the XVIII century there was a Swedish consulate in Salonica, which used to be a business port, too. Special attention has been paid to the period before, during the Crimean War and afterwards. The period of the Eastern Crisis is to be marked, then the situation of Macedonia during the pre-Ilinden, Ilinden Uprising and the post-Ilinden period. Here the interest of the Swedish diplomacy about the events in Macedonia has been particularly pointed out. In order to stress the relation of the Swedish public towards the Macedonian struggle for freedom an analysis of the Swedish press towards the Macedonian liberation struggle has been made, which followed the Macedonian movement with a great attention. Also, an attempt has been made to register the relation of the Swedish public opinion towards the Macedonian struggle for freedom.

Special place in the article is given to the share of Sweden in reorganisation of the gendermery in Macedonia in the course and after the Ilinden Uprising.

The essential turning of the author dedicated to this theme has got an aim to increase further research work on this interesting topic.